**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ
## ЗА 2015 ГОДИНА

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА**

## 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

### --- ОБЕМ НА РАБОТА ---

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2015 година имал обем на работа од вкупно 23.546 предмети, која бројка ја сочинуваат 6.268 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период, 17.166 новопримени предмети и 112 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 16.130 предмети, и тоа 16.029 од новопримените предмети и 101 од предметите повторно земени во работа т.е. 200 предмети повеќе во однос на минатата година, и покрај непополнетиот број судиски места утврдени за Апелациониот суд Скопје во текот на целата извештајна година, а наспроти обемот на работа.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2015 година останале 7.416 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 1.142 предмети во однос на претходната година.

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6268 | 17166 | 112 | 12 | 23546 | 16130 | 7416 |

## 2. РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА

| Вид на предмети | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | 1 | 1690 | 1 | 1691 | 1691 | / |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | / | 5 | / | 5 | 5 | / |
| СУ-ИЗЗ | | 197 | | 197 | 197 | |
| УПП | / | 911 | / | 911 | 911 | / |
| СПИ | / | 27 | / | 27 | 27 | / |
| ВКУПНО | 1 | 2830 | 1 | 2831 | 2831 | / |

## 3. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД

Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 910 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 5,64% од вкупниот број 16.130 донесени одлуки во извештајната година (во апсолутни цифри е намален бројот на одлуките што биле предмет на вонреден

правен лек во однос на претходната година за 327 предмети), од кои 568 одлуки се потврдени (62,42% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,52% од вкупно решените предмети), 71 одлука се укинати (7,80% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,44% од вкупно решените предмети) и 102 одлуки се преиначени (11,21% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,63% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 167 одлуки е отфрлен (18,35% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,04% од вкупно решените предмети) и 2 барања за вонреден правел лек се решени на друг начин (0,22% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,01% од вкупно решените предмети).

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | | отфрлени и на друг начин | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| 16130 | 568 | 3,52 | 102 | 0,63 | 71 | 0,44 | 169 | 1,05 |

## 4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал и кривични предмети - деца

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 2.007 кривични предмети (КЖ) од кои 391 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.605 предмети се новопримени и 11 предмети повторно во работа, при што судот вкупно завршил 1.789 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 218 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 2.502 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 495 предмети, како последица на намалениот прилив на нови предмети. Приливот е за 711 предмети помал во однос на претходната година кога се примени 2.327 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е намален за 322 предмети во однос на претходната година кога се решени 2.111 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 391 предмет, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е намален за 173 предмети, т.е останати се како нерешени 218 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), при што во извештајниот период во работа имало вкупно 140 предмети, од кои 108 предмети се новопримени и 4 предмети се повторно во работа, а 28 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 120 предмети, а како нерешени останале 20 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 129 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 11 предмети. Приливот е за 1 предмет помал во однос на претходната година кога се примени 113 предмети. Бројот на решените КОКЖ предмети во извештајната година е зголемен за 19 предмети во однос на претходната година кога се решени 101 предмет. Во однос на претходната година кога останале нерешени 28 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети од организиран криминал е намален за 8 предмети, т.е останати се како нерешени 20 предмети.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 27 предмети, од кои 2 предмети пренесени од претходниот период и 25 новопримени предмети. Сите 27 предмети се решени до крајот на извештајниот период.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочни предмети (ПРКЖ). Во текот на извештајната 2015 година во работа имало вкупно 4.128 прекршочни предмети, од кои 815 предмети се пренесени од претходниот извештаен период и 3.313 новопримени предмети, при што судот решил 2.763 предмети, а на крајот на годината 1.365 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 3.566 предмети, во извештајната 2015 година обемот на работа е зголемен за 562 предмети, а бројот на решени предмети е зголемен за 12 предмети во однос на решените 2.751 предмет за 2014 година. Како последица на зголемениот прилив на нови предмети, бројот од 1.365 предмети остаток на крајот на 2015 година претставува зголемување за 550 предмети во однос на бројот на нерешени предмети на крајот од претходниот извештаен период, кога изнесувал 815 предмети.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 391 | 1605 | 11 | / | 2007 | 1789 | 218 |
| КОКЖ | 28 | 108 | 4 | / | 140 | 120 | 20 |
| КЖМ | 2 | 25 | / | / | 27 | 27 | / |
| КСЖ | 26 | 586 | 1 | / | 613 | 597 | 16 |
| КР | 5 | 120 | / | / | 125 | 124 | 1 |
| Вкупно: | **452** | **2444** | **16** | **/** | **2912** | **2657** | **255** |
| ПРКЖ | 815 | 3313 | / | 1 | 4128 | 2763 | 1365 |
| Вкупно: | **1267** | **5757** | **16** | **1** | **7040** | **5420** | **1620** |

## 5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 182 судски одлуки за кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,36% од вкупниот број 5.420 донесени одлуки во извештајната година (во апсолутни цифри е намален бројот на одлуките што биле предмет на вонреден правен лек во однос на претходната година за 20 предмети), од кои 128 одлуки се потврдени (70,33% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,36% од вкупно решените кривични предмети), 19 одлуки се укинати (10,44% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,35% од вкупно решените кривични предмети) и 4 одлуки се преиначени (2,20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,07% од вкупно решените кривични предмети). Изјавениот вонреден правен лек во 31 предмет е отфрлен (17,03% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,57% од вкупно решените кривични предмети).

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | | отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 1789 | 107 | 5,98 | 12 | 0,67 | 3 | 0,17 | 28 | 1,57 |
| КОКЖ | 20 | 20 | 100,00 | 4 | 20,00 | 0 | 0,00 | 1 | 5,00 |
| КЖМ | 27 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| КСЖ | 597 | 1 | 0,17 | 0 | 0,00 | 1 | 0,17 | 0 | 0,00 |
| КР | 124 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| ПРКЖ | 2763 | 0 | 0,00 | 3 | 0,11 | 0 | 0,00 | 2 | 0,07 |
| Вкупно: | 5420 | 128 | 2,36 | 19 | 0,35 | 4 | 0,07 | 31 | 0,57 |

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 1.789 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 283 предмети, до два месеци постапката траела во 476 предмети, до три месеци во 411 предмети, постапката во 554 предмети траела од три до шест месеци и кај 65 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупен број 120 кривични предмети од организиран криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 33 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 21 предмет, до три месеци во 23 предмети, постапката во 26 предмети траела до шест месеци и кај 17 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупен број 27 кривични предмети-деца, кои се завршени во текот на годината, постапката во 14 предмети траела до еден месец, во 12 предмети постапката траела до 2 месеци и во 1 предмет постапката траела до 3 месеци.

Од вкупен број 2763 прекршочни предмети, кои се завршени во текот на годината, постапката во 29 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 33 предмети, до три месеци во 935 предмети, постапката во 1.579 предмети траела до шест месеци и кај 187 предмети постапката траела над шест месеци.

## 6. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

<u>Граѓански предмети</u>

Во текот на 2015 година во Судот за работа имало вкупно 9.264 граѓански предмети, од кои 2.551 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 6.677 предмети се новопримени и 36 предмети повторно во работа, при што Судот вкупно решил 5.878 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 3.386 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 9.117 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 147 предмети. Приливот во извештајната година е намален за 287 предмети во однос на претходната година, кога се примени 7.000 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 685 предмети во однос на претходната година кога биле решени 6.563 предмети, што доведува до зголемување на бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период за 685 предмети во однос на 2.554 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2014 година.

Работни спорови

Одделот за работни спорови во текот на 2015 година во работа вкупно имал 2.374 предмети, од кои 774 предмети биле пренесени од претходниот извештаен период, а 1.564 предмети се новопримени и 36 предмети повторно во работа, при што Судот решил вкупно 1.395 предмети, а на крајот на годината останале 979 нерешени предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 1.684 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 690 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 43 предмети во однос на претходната година, кога се примени 1.521 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 486 предмети во однос на претходната година кога биле решени 909 предмети. Но сепак, бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е зголемен за 204 предмети во однос на 775 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2014 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 2551 | 6677 | 36 | 9 | 9264 | 5878 | 3386 |
| РОЖ | 774 | 1564 | 36 | 1 | 2374 | 1395 | 979 |
| Р | 1 | 47 | / | / | 48 | 48 | / |
| Вкупно: | **3326** | **8288** | **72** | **10** | **11686** | **7321** | **4365** |

## 7. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 489 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 6,68% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 287 одлуки се потврдени (58,69% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,92% од вкупно решените предмети), 49 одлуки се укинати (10,02% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,67% од вкупно решените предмети) и 54 одлуки се преиначени (11,04% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,74% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 98 одлуки е отфрлен (20,04% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,34% од вкупно решените предмети) и 2 предмета се решени на друг начин (0,20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,01% од вкупно решените предмети).

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | | отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 5878 | 176 | 2,99 | 24 | 0,41 | 35 | 0,60 | 77 | 1,31 |
| РОЖ | 1395 | 111 | 7,96 | 25 | 1,79 | 19 | 1,36 | 22 | 1,58 |
| Р | 48 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Вкупно: | 7321 | 287 | 3,92 | 49 | 0,67 | 54 | 0,74 | 99 | 1,35 |

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 5.878 „ГЖ“ предмети, постапката до еден месец траела во 1.417 предмети, до два месеци во 183 предмети, до три месеци во 305 предмети, до шест месеци во 1.648 предмети и над шест месеци во 2.325 предмети.

Од вкупно завршените 1.395 предмети „РОЖ“ од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 22 предмети, до два месеци во 14 предмети, до три месеци во 67 предмети, до шест месеци во 510 предмети и над шест месеци кај 782 предмети.

## 8. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговски спорови

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2015 година во работа имал вкупно 4.820 предмети од кои 1.675 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а 3.121 предмети новопримени и 24 предмети повторно во работа, при што Судот решил вкупно 3.389 предмети, а на крајот на годината останале 1.431 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал 4.294 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 526 предмети за разлика од претходната година. Приливот во извештајната година е намален за 74 предмети во однос на претходната година кога биле примени вкупно 3.219 предмети. Бројот на решени предмети по трговски спорови во извештајната година е зголемен за 771 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.618 предмети. На крајот од извештајната 2015 година останале 1.431 незавршен предмет, што е за 245 предмети помалку од минатата извештајна година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТСЖ | 1675 | 3121 | 24 | 1 | 4820 | 3389 | 1431 |

## 9. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 239 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 7,05% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 153 одлуки се потврдени (64,02% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 4,51% од вкупно решените предмети), 34 одлуки се укинати (14,23% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,00% од вкупно решените предмети) и 13 одлуки се преиначени (5,44% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,38% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 38 одлуки е отфрлен (15,90% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,12% од вкупно решените предмети) и 1 предмет е решен на друг начин (0,42% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,03% од вкупно решените предмети).

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | | отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 3389 | 153 | 4,51 | 34 | 1,00 | 13 | 0,38 | 39 | 1,15 |

Од вкупно завршените 3.389 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 534 предмети, до два месеци во 118 предмети, до три месеци во 73 предмети, до шест месеци во 852 предмети и над 6 месеци во 1.812 предмети.

## 10. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Вид предмет | Нерешени - стари предмети | Новопримени - стари предмети | Вкупно во работа - стари предмети | Решени - стари предмети | Остаток - стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 13 | 70 | 83 | 79 | 4 |
| КОКЖ | 3 | 21 | 24 | 17 | 7 |
| КЖМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| ПРКЖ | 55 | 250 | 305 | 188 | 117 |
| ГЖ | 592 | 2973 | 3565 | 2363 | 1202 |
| РОЖ | 225 | 835 | 1060 | 792 | 268 |
| ТСЖ | 551 | 1746 | 2297 | 1841 | 456 |
| Вкупно: | 1439 | 5897 | 7336 | 5282 | 2054 |

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2015 година во работа имал вкупно 7.336 стари предмети, од кои 1.439 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 5.897 предмети во текот на извештајниот период поминал периодот од 6 месеци од прием на предметот во Судот. Во Судот биле решени вкупно 5.282 стари предмети, а на крајот на годината останале 2.054 нерешени стари предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Со оглед на погоре изнесената состојба, по однос на работата на судот како на општо ниво, така и по оддели, односно уписници она што е очигледно е дека судот не успеал да го совлада приливот нови предмети. Наведеното и покрај засилениот ангажман на судиите кои судиската функција ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, преку надминување на ориентационата норма, односно завршување далеку поголем број предмети од утврдениот со ориентационата норма што е константна појава во Судот.

Следствено, произлегува дека е потребно пополнување на бројот на носителите на судиската функција со предвидените, а испразнети места, со цел надминување на проблемот со нерешени предмети, совладување на приливот на нови предмети, со што ќе се скрати и времетраењето на постапките, што пак се заедно ќе доведе до далеку поголема ефикасност и квалитет во работењето на судот.

## 11. ИЗВЕШТАЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *--- НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА ---*

Согласно со актот за систематизација и Одлуката за зголемување на бројот на судии во Апелациониот суд Скопје на Судскиот совет на Република Македонија од 12.07.2012 година, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2015 година утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии, со карактеристичен константен одлив без паралелно пополнување на испразнетите судиски места.

Календарската 2015 година судот ја започнал со 42 судии вклучувајќи го и в.д. претседателот, при што на тројца судии им мирува работниот однос во Апелациониот суд Скопје од кои на двајца поради извршување на функцијата член на Судскиот совет на Република Македонија, а еден судија поради избор за Претседстел на Управниот суд.

Од месец март судот продолжува со работа со 41 судија по престанок на еден судија на судиската функција по негово барање, додека од месец април и со 40 судии по заминување на еден судија на породилно отсуство, се до крајот на извештајната година.

Во извештајната година 2 судии престанале со вршење на судиската должност поради исполнување на законските услови за старосна пензија, по што судот до крајот на годината продолжил да работи со 38 судии.

Судиската должност фактички ја извршувале 40 судии, во кои е вклучен и Претседателот на судот, односно со 13 судии помалку од предвидените, при што е почитуван принципот на правична и соодветна застапеност на националностите, на начин што 24 судии се од македонска националност, 11 од албанска националност, 2 судии од турска националност, 1 судија е од влашка националност и 1 судија друга националност.

Со одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија бројот на судии во Апелациниот суд Скопје е утврден на 52 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Со оглед на недоволниот број носители на судиска функција во текот на извештајната година, наспроти состојбата со приливот на нови предмети и бројот на заостаток нерешени предмети од друга страна, Судскиот совет на Република Македонија одговори позитивно на барањето на в.д. претседателот на судот со делегирање по тројца судии од преостанатите апелациони судови во период од 17.08.2015 година заклучно со 30.11.2015 година. Судиите кои од апелационите судови во Битола, Штип и Гостивар, времено беа упатени да постапуваат во Апелациониот суд Скопје беа распоредени да постапуваат по предмети од уписниците „ ТСЖ “ и „РОЖ“. Станува збор за ефикасна мерка чии резултати се покажаа во извештајниот период, особено во периодот во кој постапуваа уште три совети, која доведе до намалување на заостатокот нерешени предмети, совладување на приливот и намалување на старите нерешени предмети, како и совладување на приливот пред се кај посочените видови предмети.

### *--- СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ---*

Стручните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, примарно во врска со изработката на судските одлуки, како и помош на носителите на судиската функција во решавањето на судските предмети.

Интересот за оптимално функционирање на судот налага потреба од пополнување на бројот на стручните судски службеници согласно обемот на работата во судот, а со цел да се овозможи непречено функционирање на судот како организациска единка, но и судството во целина.

По однос на раководните судски службеници, пополнето е само едно место, така што потребно е пополнување и на преостанатите 7 работни места - раководни судски службеници, а имајќи ја предвид обемноста на утврдените работни задачи за овој кадар. Согласно Правилникот на Судот овие лица меѓу другото како најбитен сегмент за ефикасно и непречено функционирање на судот, се грижат за организација и координација на работата на секој од одделите кои функционираат во рамките на судот, така што пополнувањето на овие работни места е од особено значење за ажурно и квалитетно правораздавање**.**

Согласно Систематизацијата на Апелациониот суд Скопје предвидени се вкупно 61 место за стручни судски службеници - (виш судски советник; судски советник; виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник), меѓутоа во моментот се пополнети 34 места, а непополнети се 27 работни места, од кои работното место Виш судски советник, воопшто и не е пополнето, на местото судски советник пополнети се 4, а непополнети 8 работни места, од предвидените 15 на местото виш судски соработник пополнети се 14 работни места, со тоа што на местото судски соработник од предвидените 17 работни места, 8 работни места не се пополнети, додека од предвидените 7 работни места помлад судски соработник не е пополнето едно работно место.

### *--- АДМИНИСТРАТИВЕН ПЕРСОНАЛ ВО СУДОТ ---*

Заклучно со 31.12.2015 година, во администрацијата, се вработени 46 лица**.**

Во текот на извештајната година непополнетоста на бројчаниот состав на административниот персонал предизвика значителни тешкотии во функционирањето на судот, поради што неминовно се наметнува потребата од пополнување на испразнетите работни места, особено во однос на референти (судски референти – дактилографи), каде од предвидените 37 работни места, пополнети се 19 работни места.

Во Управата на судската зграда со состојба на 31.12.2014 година се евидентирани 20 вработени лица.

Судот извештајната година ја започнал со 105 вработени, додека извештајната 2015 година ја завршил со 115 вработени. Согласно систематизацијата на Судот предвидени се 192 вработени, а непополнети со 31.12.2015 година се вкупно 77 работни места (вклучувајќи ги раководни судски службеници, стручните судски службеници, администрацијата и управата на судската зграда).

Одливот е по основ на исполнување услови за старосна пензија, како и смрт на еден вработен. По пат на објавен јавен оглас пополнети се 15 работни места, едно работно место е пополнето со преземање од Секретаријатот за спроведување на рамковен договор и едно работно место со трансформација на работниот однос.

## 12. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

За функционирањето на Судот во извештајната 2015 година, карактеристично е интензивно користење на информатичката технологија во сите сегменти на работата.

Целокупното управување со движењето на судските предмети, како и донесувањето на судските одлуки се одвива со користење на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Во системот се води електронска евиденција на потребните податоци во врска со предметите и се изготвуваат акти во истите. Посебно внимание се посветува на автоматската распределба на судските предмети по судии. Континуирано се следи и квалитетот на внесените податоци, во смисла дали истите се пополнуваат целосно и точно. Исто така, постојано се врши подобрување и оптимизирање на работата во АКМИС за секоја корисничка група на системот, поодделно.

Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот, судиите и другите корисници на системот, се генерираат електронски од АКМИС и редовно се проследуваат до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

Во судот се користи и СРС ФЕМИДА системот за тонско снимање рочишта согласно Законот за парнична постапка. Опрема и софтвер за тонско снимање на рочишта се инсталирани и се користат само во една судница во Судот, за која е направен распоред што овозможува сите судиски совети од Граѓанскиот оддел и Одделот за трговски спорови да постапуваат согласно Законот.

Покрај тоа што во текот на 2014 година, со поддршка на проектот на USAID за јакнење на капацитетите во судството, целосно беше заокружен процесот на обука на судиите, стручните соработници и записничарите како основен предуслов за успешна реализација на процесот на тонско снимање на рочишта, во втората половина на месец септември 2015 година беше одржана дополнителна, интерна обука на записничарите, по што започна редовно користење на СРС ФЕМИДА системот.

Во изминатиот период не се забележани недостатоци на СРС ФЕМИДА системот, како од аспект на исправност на опремата, така и од аспект на функционалноста на софтверот. Но, земајќи го во предвид значењето на овој систем за успешно одржување на рочиштата согласно ЗПП, сметаме дека е неопходно да се обезбеди тековно одржување и надградба на истиот.

Интензитетот на користење на „Системот за електронска достава на судски документи" е зголемен во текот на 2015 година. Вработените во судските писарници вршат електронска достава на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.) и притоа не се забележани недостатоци.

Сеуште, не е отпочнато со електронски прием на писмена во Судот и покрај тоа што се направени најголем дел од потребните подготовки и инсталации за користење и на овој дел од системот.

Во Судот не е отпочнато со скенирање на влезни документи, иако за таа намена е инсталиран сервер за скенирање на документи и подготвена е работна станица (компјутер со скенер) за приемното одделение, но потребно е да се дефинира кои се влезни документи ќе се скенираат за да бидат приклучени кон електронското досие.

Со посебни тешкотии Судот се соочува при почитувањето на одредбите од член 10 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, а во врска со објавување на судските одлуки на web страната на судовите.

Вработените вклучени во процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки, секојдневно се соочуваат со технички проблеми кои не сме во можност самите да ги надминеме од причина што web страницата на Судот се хостира на надворешен виртуелен приватен сервер. Web страницата често пати е недостапна поради прекин на конекцијата или слаб одзив на серверот каде е поставена, и тоа во текот на целиот ден.

Посебен проблем претставува пребарувањето на објавените одлуки и податоци, за што има постојани реакции и од лицата кои имаат потреба од истото.

Во услови на мануелно подготвување на текстовите на одлуките за објавување, одредени недоречености на „Упатството за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот", водењето на потребните евиденции кои одлуки и од кој судија треба да бидат објавени, како и неможноста за нивно редовно објавување оневозможува запазување на законски пропишаните услови и рокови за објавување.

Сметаме дека со отпочнување на користењето на новите web портали, кои се во изработка, ќе се обезбеди автоматизирање на процесот на анонимизација на одлуките и поедноставено следење на сите потребните евиденциони и статистички податоци, ќе бидат надминати тековните проблеми при објавувањето и ќе се постигне задоволителен квалитет и ажурност во објавувањето на судските одлуки, како и други податоци во врска со работењето на Судот.

Во текот на 2015 година до „Работното тело за стандардизација на постапките во судовите" формирано во Врховниот суд на РМ проследени се барања за подобрување на АКМИС системот согласно потребите на Судот, како и барања за отклонување на воочени недостатоци на системот. По усвојување на барањата истите навремено се реализирани.

Апелациониот суд Скопје, како второстепен суд редовно ја следи работата на основните судови од своето апелационо подрачје во делот на користење на АКМИС, системот за „Електронска достава на судски документи", процесот на тонско снимање на рочиштата од граѓанска област, процесот на анонимизацијата и објавување на судските одлуки. На неделна основа се прибавуваат извештаи од секој од деветте основни суда, истите се обработуваат по што збирни информации се проследуваат до повисоките судски инстанци, согласно нивните потреби.

Во текот на извештајната 2015 година, за потребите на вработените во Апелациониот суд Скопје објавувани се бројни податоци на интерната web страна, која се хостирана локално, а се во врска со сите новини во организацијата и работата на Судот, активности на судските оддели, судиите и другите вработени, соработка со други судови и институции, следење на правна легислатива и судска практика, сервисни информации и друго. На овој начин се постигнува навремено, ефикасно информирање на вработените во Судот, како и заштеда на финансиски средства.

Во текот на извештајниот период, редовно се применуваат одредбите од донесените правилници и процедури согласно Законот за заштита на личните податоци, а кои се однесуваат на информатичко работење. Со тоа во Судот е подигнато нивото на заштита на податоците, зголемена е контролата на пристап до истите, како и безбедноста на целиот систем.

Во поглед на заштитата на судските податоци, во Судот се прави редовен backup на истите, според однапред пропишани процедури. Имено, секојдневно се прави backup на трака при што се снимаат тековните состојби на оперативниот систем на виртуелните сервери, како и работните датотеки на АКМИС базата. Исто така, се прави и SQL backup на податоците од АКМИС базата, како и записите од тонските снимања на рочиштата, за што е обезбеден екстерен хард диск. Надворешните медиуми со податоци се чуваат во метален сеф, на локација различна од просторијата каде се наоѓа процесниот сервер.

За антивирусна заштита на работните станици, во Судот се користи Kaspersky Endpoint Security 10 for Windows софтвер.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година и чиј пропусен капацитет не ги задоволува потребите

на секојдневното работење, па потребна е замена на истата со нова. Исто така, потребна е надградба на активната мрежна опрема, како и единствениот сервер кој се користи во Судот веќе пет години. Околу 100 компјутери, или 60% од работните станици во Судот работат со оперативен систем Windows XP за кој нема поддршка од страна на Microsoft и неопходна е нивна замена.

Исто така, неопходнно е да се набават нови мрежни принтери кои користат тонери со голем капацитет, со што би се намалиле трошоците за печатење кои, во овој момент се големи, пред се затоа што во Судот се користат голем број на локални печатари, чие што одржување е скапо и неоправдано, а потрошниот материјал тешко се набавува и исто така, чини многу.

Од големо значење за Судот би било електронското поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје, со што би се овозможила електронска размена на податоци. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба.

Во Судот се вработени двајца советници инженери-информатичари, но за да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, потребно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица соодветно стручно оспособени за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот.

## 13. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, меѓутоа во извештајната 2015 година, како и подолг период station наназад, не задоволуваат просторните услови за непречено функционирање на судот, а со оглед да во истата зграда функционираат и други институции кои исто така ги извршуваат работите од својата надлежност во истиот објект и заземаат поголем дел од просторот. Моментално судот, како е погоре изнесено, својата функција ја извршува со непотполн состав, како по однос на носителите на судиска функција, така и во поглед на стручните судски службеници и административно технички судски службеници, така што со целосно пополнување на бројот согласно систематизацијата, судот ќе се соочи со просторен проблем – недоволен број канцеларии за сите вработени во судот, а со тоа и неопходни услови за непречено работење.

Претседател на Судот
Љиљана Ивановска Шопова